РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-657/15
24.02.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК

## од 7-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 18.02.2025 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** д-р Методија Јанчески.

**На седницата беше присутен и д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, м-р Емилија Петреска Камењарова, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Арџенд Џелили, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот, Лазо Петрушевски ја отвори 7-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втор кат.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 6-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 11.02.2025 година.
2. Предлози за покренување на постапки за одземање на дозволата за ТВ и РА емитување на радиодифузери.
3. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Трет програмски сервис (МРТ3) за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ.
4. Предлог за поведување прекршочна постапка на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

5. Предлог-одлука за промена на сопственичката структура на ТРД Плус форте ДООЕЛ од Тетово.
6. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Закуп на простор за објавување огласи во дневни весници.
7. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – стока: ИКТ опрема.
8. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и со 4 гласа „за“ и еден воздржан глас од г-дин Трајчев го усвои предложениот Записник од 6-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 11.02.2025 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Петрушевски појасни дека во првичниот материјал за седницата биле вклучени предлози за покренување постапка за одземање на дозволата за ТВ и радио емитување за 10 радиодифузери. Сепак, во меѓувреме, ТВ ЕДО од Сарај и ЕКО Радио од Пробиштип го извршија плаќањето на годишниот надоместок, поради што предлозите сега се однесуваат на преостанатите 8 радиодифузери. Тој предложи да се даде еден општ вовед за сите нив, а потоа секој предлог да се гласа одделно.

Г-дин Трајчевски нагласи дека овие 8 радиодифузери не го платиле годишниот надоместок во предвидениот рок, со што го прекршиле член 80, став 5 од ЗААВМУ. Поради тоа, се предлага покренување постапки за одземање на нивните дозволи. Дополнително, го информираше Советот дека наплатата на фактурите издадени во јануари, кои опфаќаат околу 90% од сите фактури, изнесува 87%. Ова укажува дека најголемиот дел од радиодифузерите ја исполниле својата законска обврска.

**2.1** Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на **ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје**, Уп1 бр.08-1 од 07.09.2023 година, поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2025-100-0001 од 10.01.2025 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-1 од 07.09.2023 година, поради прекршување на член 80 став 5 од ЗААВМУ.

**2.2** Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на **Трговското радиодифузно друштво ТВ МТМ ДООЕЛ Скопје**, Уп1 бр.08-16 од 07.09.2023 година, поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2025-100-0010 од 10.01.2025 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ МТМ ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-16 од 07.09.2023 година, поради прекршување на член 80 став 5 од ЗААВМУ.

**2.3** Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на **Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ Шутел ДООЕЛ Скопје**, Уп1 бр.08-18 од 07.09.2023 година, поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2025-100-0011 од 10.01.2025 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ Шутел ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-18 од 07.09.2023 година, поради прекршување на член 80 став 5 од ЗААВМУ.

**2.4** Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на **Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани**, Уп1 бр.08-44 од 07.09.2023 година, поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2025-100-0014 од 10.01.2025 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани, Уп1 бр.08-44 од 07.09.2023 година, поради прекршување на член 80 став 5 од ЗААВМУ.

**2.5** Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на **Трговското радиодифузно друштво Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ**, Уп1 бр.08-55 од 07.09.2023 година, поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за

телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2025-100-0017 од 10.01.2025 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Т. В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ, Уп1 бр.08-55 од 07.09.2023 година, поради прекршување на член 80 став 5 од ЗААВМУ.

**2.6** Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на **Трговското радиодифузно друштво ГАЛАКСИ – 2002 ДООЕЛ Кавадарци**, Уп1 бр.08-100 од 07.09.2023 година, поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2025-100-0048 од 10.01.2025 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата за радио емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво ГАЛАКСИ – 2002 ДООЕЛ Кавадарци, Уп1 бр.08-100 од 07.09.2023 година, поради прекршување на член 80 став 5 од ЗААВМУ.

**2.7** Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на **Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје**, Уп1 бр.08-75 од 07.09.2023 година, поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2025-100-0034 од 10.01.2025 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата за радио емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-75 од 07.09.2023 година, поради прекршување на член 80 став 5 од ЗААВМУ.

**2.8** Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на **Трговското радиодифузно друштво ЦЕЗ ФМ ДООЕЛ Скопје**, Уп1 бр.08-83 од 07.09.2023 година, поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2025-100-0039 од 10.01.2025 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата за радио емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно

друштво ЦЕЗ ФМ ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-83 од 07.09.2023 година, поради прекршување на член 80 став 5 од ЗААВМУ.

**Точка 3**

Помошник раководителката на Секторот за програмски работи, м-р Емилија Петреска – Камењарова, го образложи предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ЈРП Македонска Радиотелевизија – Скопје, Македонска телевизија – Трет програмски сервис (МРТ3), поради прекршување на член 51, став 1 од ЗААВМУ. Таа објасни дека при редовен административен надзор било утврдено дека МРТ3 не ги објавила сите информации кои радиодифузерот е должен да ги направи достапни во текот на денот, со што е прекршен наведениот член од Законот. Имајќи предвид дека станува збор за прв прекршок од овој вид во тековната година, се предлага да се изрече мерка јавна опомена, со рок од 20 дена за усогласување, по што ќе биде спроведен контролен надзор.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.10-388/1 од 27.01.2025 година и едногласно заклучи на ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Трет програмски сервис (МРТ3), да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ, затоа што на 8 јануари 2025 година, не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Помошник раководителката на Секторот за програмски работи, м-р Емилија Петреска – Камењарова, го образложи предлогот за поведување прекршочна постапка против ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, поради прекршување на член 50, став 3 од ЗААВМУ, како и на членовите 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица. Таа објасни дека извештајот произлегол од контролен програмски надзор, при што било утврдено дека радиодифузерот повторно ја направил истата повреда за која претходно му беше изречена мерка јавна опомена. Констатирано е дека не ја применува целосно сигнализацијата за заштита на малолетниците. И покрај веќе изречената јавна опомена

и доделениот рок за усогласување, радиодифузерот не ги спровел потребните мерки и продолжил со неправилна примена на сигнализацијата за втора категорија програма (8+). Врз основа на ова, се предлага донесување Решение за поведување прекршочна постапка.

Г-дин Ајдини изрази дилема околу времето кога радиодифузерот ја добил мерката јавна опомена и праша дали тогаш радиодифузерот доставил изјаснување?

Помошник раководителката, м-р Емилија Петреска – Камењарова, одговори дека мерката јавна опомена била изречена на 18.11.2024 година, со рок за усогласување од 20 дена од денот на приемот на Решението. Таа истакна дека радиодифузерот, како и сите останати на кои им е изречена мерка јавна опомена, добил барање за изјаснување. Дополнително, појасни дека надзорот бил спроведен врз четири радиодифузери. Кај останатите три радиодифузери биле забележани различни нивоа на усогласување – некои целосно го отстраниле прекршокот, додека други направиле напори за корекција, но не во целост, поради што им бил испратен допис за дополнително усогласување. Меѓутоа, кај ТВ Компани 21-М не било забележано никакво поместување во насока на усогласување со регулативата.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор бр.10-5362/1 од 30.12.2024 на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје и утврди прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

Советот едногласно заклучи против ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје да се поведе прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со контролниот програмски надзор е констатирано дека во програмскиот сервис на наведениот радиодифузер на 11 декември 2024 година, на државно ниво, радиодифузерот не постапил по Решението за изрекување мерка – јавна опомена, односно со неправилна примена на сигнализацијата за втора категорија програма (8+), се емитувани премиерните и репризираните епизоди од играниот серијал “I egri (Yabani)” и премиерната епизода од играниот серијал “Jetë të thyera (Kırık hayatlar)”, што е спротивно на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје.

**Точка 5**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права, м-р Магдалена Давидовска Довлева, ја образложи Предлог-одлуката за промена на сопственичката структура на ТРД Плус Форте ДООЕЛ од Тетово. Таа објасни дека во декември минатата година Агенцијата добила сознание за можноста од прекршување на член 38 од Законот, кој забранува носители на јавни функции и членови на нивните семејства да бидат основачи на радиодифузери. Конкретно, постоела информација дека син на сопственикот на Радио Плус Форте бил избран за пратеник во Собранието на РСМ. По добивањето на овие сознанија, Агенцијата се обратила до радиодифузерот за официјална потврда. Радиото ја потврдило точноста на информацијата и истакнало дека се свесни за ситуацијата. Дополнително, информирале дека веќе неколку месеци

водат преговори за усогласување со законските одредби, односно за истапување на членот на семејството кој е носител на јавна функција од сопственичката структура. Предложената промена на сопственичката структура е дел од тој процес на усогласување со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. За новиот предложен сопственик е извршена проверка во Централниот регистар, при што е утврдено дека лицето не е основач на други трговски друштва, ниту се појавува како вистински сопственик во некое друго правно лице. Врз основа на ова, се предлага да се одобри бараната промена.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се дозволува промена во сопственичката структура на Трговското радио дифузно друштво ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово.

Со предложените промени на сопственичката структура на Трговското радио дифузно друштво ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово, не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на ЗААВМУ, односно оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 или 38 од истиот Закон.

Трговското радио дифузно друштво ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово е должно да ја спроведе промената во сопственичката структура во Централниот Регистар на РСМ, во рок од 3 (три) месеци од денот на приемот Одлуката, во спротивно по истекот на наведениот рок, Одлуката нема да произведува правно дејство.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 6**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, Цветанка Митревска, го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: закуп на простор за објавување огласи во дневни весници. Таа објасни дека Агенцијата има законска обврска одредени акти да ги објавува во дневни весници кои излегуваат на целата територија на државата, на македонски и албански јазик. Поради тоа, се наметнала потребата од спроведување постапка за јавна набавка за закуп на простор за објавување огласи. Оваа набавка е предвидена во Годишниот план за јавни набавки на Агенцијата, а потребните финансиски средства се обезбедени во Финансискиот план. Врз основа на проценетата вредност, постапката ќе се спроведе како набавка од мала вредност, при што критериумот за доделување на договорот ќе биде најниската цена. Процедурата ќе започне со објавување на оглас во електронскиот систем за јавни набавки, согласно одредбите од Законот за јавни набавки што важат за набавки од мала вредност. Сите дополнителни информации се содржани во материјалите доставени за оваа седница.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка: Закуп на простор за објавување огласи во дневни весници.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот: Закуп на простор за објавување огласи во дневни весници, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2025 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-5321/1 од 27.12.2024 година, а средствата се обезбедени со

Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025-та година.

**Точка 7**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, Цветанка Митревска, го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – стока: ИКТ опрема. Таа истакна дека оваа набавка е предвидена во Годишниот план за јавни набавки на Агенцијата, а финансиските средства се обезбедени во Финансискиот план. Врз основа на проценетата вредност, постапката ќе се спроведе како поедноставена отворена постапка, која ќе започне со објавување на оглас во електронскиот систем за јавни набавки и во Службен весник на РСМ. Критериум за доделување на договорот ќе биде најниската цена. Сите дополнителни информации се содржани во материјалите доставени за оваа седница.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-стока: ИКТ опрема.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот: ИКТ опрема, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2025 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-5321/1 од 27.12.2024 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025-та година.

**Точка 8**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**